ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО
# ПРЕТПРИЈАТИЕ „ВОДОВОД“ БИТОЛА

01 2023 10 05

Скопје, август 2023 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола, за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈКП Водовод Битола за 2022 година ги констатиравме следните состојби:

- при остварувањето на приходи од снабдување со вода за пиење, изградба и реконструкција на водоводна мрежа, сервисирање и приклучување кон водоводна мрежа во вкупен износ од 220.968 илјади денари, утврдени се неправилности и неусогласености од различна природа. Имено, дел од приходите се остваруваат по цени кои не се одобрени од надлежните органи, недостасува соодветна поткрепувачка документација за потврдување на основот, реалноста и објективноста на приходите, не се пресметува камати за задоцнето плаќање на фактурите, одобрени се попусти без согласност од основачот и УО и отсуствуваат контролни активности во процесот, што влијае на точноста и целосноста на остварените приходи;
- извршен е траен отпис и вредносно усогласување на побарувањата по основ на снабдување со вода за пиење во вкупен износ од 11.019 илјада денари, за кои во законски определените рокови не се преземени правни мерки за нивна наплата, што неповолно влијае на остварените приходи на претпријатието;
- во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија не е извршен упис на основната главнина на претпријатието како основачки влог;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис, што влијае на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба;
- во отсуство на акт со кој се уредува начинот на набавка, прием и издавање на залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, утврдени се неправилности во начинот на управување со залихите, обезбедување на поткрепувачка документација при нејзиниот прием и издавање и несоодветно евидентирање;
- за дел од земјиштето и градежните објекти со вкупна вредност од 208.789 илјади денари, поради нерегулирани права на сопственост во АКН, не е можно да се потврди сопственоста на претпријатието врз истите;
- утврдени се неправилности во начинот на пресметка, исплата и евиденција на платите и работната успешност, како и во пополнетоста на работните места;
- со 74% од корисниците на услугите на јавното претпријатие не се склучени

договори, поради што меѓусебните права и обврски со нив не се регулирани;
- утврдени се неправилности во начинот на доделување на договорите за јавни набавки при набавка на SCADA системот, како и други неправилности при спроведување на постапките за јавни набавки;
- не воспоставена единица за внатрешна ревизија како механизам за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во насока на остварување на планираните цели;
- не е изготвен шест месечен извештај за работата на ЈП, со што е намалена транспарентноста при информирањето за видот и обемот на вршење на дејноста, како и за финансиско работење на претпријатието;
- не се врши резервирање на трошоците за отпремнина и јубилејна награда во временскиот период кога настанале, што влијае врз реално и објективно прикажување на состојбата на обврските и расходите во деловните книги и финансиските извештаи и
- отсуствува акт и дефинирани критериуми врз основа на која ќе се одлучува по барањата за донации и спонзорства.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:
- искажаните обврски на јавното претпријатие на крајот на 2022 година, по основ на надоместок за користење на води спрема Буџетот на Република Северна Македонија, во вкупен износ од 2.296 илјади денари;
- финансирање на инвестиционите активности за санација и проширување на системот за водовод и канализација со средства од Кредитна банка за обнова и развој, при што на крајот на 2022 година обврските за главен долг изнесуваат 88.917 илјади денари, а за каматата - 11.074 илјади денари;
- последователно именување на в.д. директор, без објавување на јавен оглас и
- меѓусебната поврзаност на ЈКП Водовод Битола и ХЕП Водовод ДООЕЛ Битола.

Во делот на клучни прашања ревизијата известува за значителното отстапување на количината на приходуваната вода во однос на произведена. Имено 59% од вкупната влезна количина на вода во водоснабдителните системи изразена во $m^3$ е неприходувана што има за ефект помалку остварени приходи на јавното претпријатие, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода, кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

Од страна на в.д. директорот на ЈКП Водовод Битола, доставено е известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, во кое е наведено дека надлежните лица во претпријатието ќе преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби и ќе постапат по дадените препораки во извештајот.

СОДРЖИНА:


1. Вовед ........ 1
2. Мислење на ревизијата ........ 1
3. Основ за изразување на мислење ........ 2
3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи ........ 2
3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи ........ 25
4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ........ 31
5. Клучни ревизорски прашања ........ 35
6. Законска основа за ревизијата и временски период ........ 38
7. Опфат и ограничувања ........ 38
8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи ........ 38
9. Одговорност на ревизорите ........ 39
10. Недостатоци на внатрешната контрола ........ 40
11. Корекции во текот на ревизијата ........ 43
12. Одговор на ревидираниот субјект ........ 43

Финансиски извештаи за 2022 година

Биланс на успех ........ 44
Биланс на состојба ........ 45
Преглед на промени на капиталот и резервите ........ 46
Извештај за паричниот тек ........ 47

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед ........ 48
Сметководствени политики ........ 50
Образложенија кон финансиските извештаи ........ 56

Прилози

Прилог бр.1 – Преглед на обврски спрема Буџетот на Република Северна Македонија
Прилог бр.2 – Известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија |
| в.д. | Вршител на должност |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДБ | Даночен биланс |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЕЕ | Електрична енергија |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| ЗЈП | Закон за јавните претпријатија |
| ЗОО | Закон за облигациони односи |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ЈКП Водовод Битола | Јавно комунално претпријатие „Водовод“ – Битола |
| КЈП | Комунално јавно претпријатие |
| KfW | Кредитна банка за обнова и развој |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МФ | Министерство за финансии |
| НО | Надзорен одбор |
| ОИЕ | Обновливи извори на енергија |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УО | Управен одбор |
| ХЕП | Хидроенерго проект |
| ХС | Хидросистем |
| Централен регистар | Централен регистар на Република Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 19-199/13
Дата: 25.08.2023 година

## 1. Вовед

Јавното комунално претпријатие „Водовод“ – Битола е основано во декември 1954 година, за вршење комунална дејност од јавен интерес на подрачјето на Општина Битола, Могила и Новаци. Основач на претпријатието е Општина Битола која ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за јавни претпријатија и други законски прописи. Негова основна дејност е зафаќање на сурова вода, нејзин третман и дистрибуција до крајните потрошувачи. Претпријатието е основано со Одлука на Собранието на Општина Битола, во рамките на поранешната Комунална работна организација, ООЗТ „Водовод” Битола. Во ноември 1989 година, со Одлука за издвојување, претпријатието е основано како самостојно ЈКП Водовод Битола, кое во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските створени во правниот промет одговара со целиот имот.
ЈКП Водовод Битола суровата вода ја зафаќа од сливот на планината Баба, преку три зафати на површинска вода од Тиролски тип и тоа: Црвена река, Лак поток и Сапунчица, а дел на количините на сурова вода се дополнуваат од ХС – Стрежево преку пумпната станица Довлеџик.
Претпријатието има имплементирано HACCP[1] систем кој се фокусира на контрола на целокупниот процес на преработка на водата, од зафатите на вода до крајните потрошувачи, со комплетна проценка на ризиците и дизајнирање и воспоставување на контролни системи за превенција.
Во ЈКП Водовод Битола, заклучно со 31.12.2022 година вработени се 219 вработени, додека нивниот број во 2021 година е 223 лица.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 44 до 47 на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех и извештај за сеопфатна добивка, Преглед на

[1] Hazard Analysis Critical Control Point, “Анализа на ризикот и критичните контролни точки”

главнината и резервите и Извештај за паричниот тек за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извешти не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите, се опишани во делот Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи

3.1.1. Во деловните книги и финансиските извештаи за 2022 година, ЈКП Водовод Битола има искажано приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата во вкупен износ од 222.419 илјади денари. Ревизијата не беше во можност да ја потврди веродостојноста, точноста и целосноста на искажаните приходи, како и побарувања по основ на снабдување со вода за пиење и услуги за сервисирање и приклучување на водоводна мрежа во вкупен износ од 220.968 илјади денари поради следните утврдени состојби:

- не е доставен акт од основачот - Советот на Општина Битола, со кој се одобруваат ценовниците по кои се фактурираат услуги за приклучување на водоводна мрежа[2] и сервисирање и баждарење на водомери[3], што не е во согласност со член 11 од ЗЈП[4]. Исто така утврдивме дека одредени позиции на градежни работи[5], кои се реализираат на барање на општината, не се предвидени во усвоениот ценовник[6], поради што фактурирањето се врши по цени утврдени во „Ценовникот за изведување на градежни работи“ на КЈП Нискоградба Битола, чија примена не е усвоена од УО и за истото нема согласност од основачот на претпријатието, со што се доведува во прашање правниот основ за негово користење.

  Истакнуваме дека во текот на ревизијата доставени се усвоени и одобрени измени на „Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи“ за Општина Битола[7]. За изведување на градежни и монтажни работи за трети лица[8] и услуги за поправка, сервисирање на водомери и приклучување на водоводна мрежа[9] изготвени се нови ценовници кои се усвоени од страна на УО на претпријатието и се доставени до Советот на општината за нивно одобрување;
- за услугите кои се однесуваат на приклучоци на водоводна мрежа и сервисирање на водомери, воспоставена е пракса за авансно плаќање пред извршување на услугите. Овие плаќања се вршат на два начина и тоа: плаќање на лице место на екипата која е на терен или уплата на главна благајна. Во првиот случај кога паричните средства ги примаат екипите на

[2] Упатство за начин и постапка за приклучување на водоводна мрежа број 02-592/1 од 20.07.2020 година усвоено со Одлука од УО број 02-592/1 од 20.07.2020 година

[3] Ценовник на услуги од водомерна работилница број 02-1167/2 од 09.09.2016 година усвоен со Одлука од УО за усвојување на ценовникот на услуги од водомерна работилница број 02-1167/2 од 09.09.2016 година;

[4] Закон за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02,......64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22)

[5] асфалтирање на прекопи, пробивање на отвор во ѕид од армиран бетон, набавка, транспорт и вградување на бетон и сл.

[6] Ценовник за изведување на градежни работи и монтажни работи по Програмата на Општина Битола за 2014 година број 02-349/1 од 05.06. 2014 година и Измени и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи на ЈКП Водовод Битола изготвен по програмата на Општина Битола број 02-684/6-1 од 23.09.2022 година

[7] Измени и дополнување на Ценовникот за изведување на градежни и монтажни работи на ЈКП Водовод Битола изготвен по програмата на Општина Битола број 02-130/3-1 од 08.02.2023 и Одлука за усвојување од УО број 02-120/3 од 2023 година и Одлука за давање согласност од Совет на Општина Битола број 02-120/4 од 2023 година

[8] Одлука на УО за донесување Ценовник за изведување на монтажни работи за трети лица број 02-373/5 од 05.05.2023 година и Одлука на УО за донесување на Ценовник за изведување на градежни и монтажни работи за трети лица број 02-373/6 од 05.05.2023 година

[9] Одлука на УО за донесување на Ценовник за услужни работи и паушали број 02-373/4 од 05.05.2023 година

терен, не се издаваат фискални сметки, а по враќањето во деловните простории на претпријатието се изготвува документ – каса прими и наредниот ден примените парични средства се уплаќаат во главна благајна. Во вториот случај кога авансна уплата се врши во главна благајна на корисниците им се издава фискална сметка и каса прими кои им служат како доказ за извршената уплата. Утврдивме дека обрасците за каса прими кои се користат во јавното претпријатие не се нумерирани и обележани со сериски броеви и истите не се задолжени по лица, што создава ризик одредени примања на парични средства и покрај тоа што за нив е издадена каса прими да не бидат уплатени на главната благајна, а документот да не биде проследен за негово евидентирање;

- не е доставена целосна поткрепувачка документација за евидентираните приходи и побарувања по основ на изготвени времени ситуации при изведба и реконструкција на водоводна мрежа и излезни фактури за услуги за приклучување на водоводна мрежа и сервисирање на водомери. Имено, за дел од изготвените времени ситуации не се презентирани градежна книга и дневник како потврда за периодот, видот и количината на изведените работи, а за дел од ситуациите доставени се печатени градежни дневници и книги, кои не се потпишани од изведувачот и надзорот, што има влијание на веродостојноста на извршените работи и искажаните приходи по овој основ. Во прилог на изготвените излезни фактури за приклучување на водоводна мрежа и сервисирање и баждарење на водомери нема издатници и работни налози како потврда за потрошокот на материјали и видот и количината на реализирани услуги за кои се фактурира;
- изготвените времени ситуации и излезни фактури за услуги за приклучување на водоводна мрежа, сервисирање и баждарење на водомери без поткрепувачка документација[10] се доставуваат до Секторот за финансии, сметководство и комерција каде истите формално се потпишуваат од ликвидатор кој не врши суштинска контрола на видот, цените и количините на работите и услугите за кои се фактурира. Истакнуваме дека, во текот на ревизијата започнати се активности за изготвување и приложување на поткрепувачка документација кон времените ситуации и излезни фактури;
- кај **приходите од снабдување со вода за пиење на физички и правни лица** во износ од 213.385 илјади денари утврдивме:

[10] работни налози, градежна книга, градежен дневник, договор со општина, фактура од ангажирана надворешна фирма, Извештај од извршен увид со техничко решение за приклучок, каса прими, издатници и сл.

- јавното претпријатие врши намалување на сметките и побарувањата за потрошена вода по претходно поднесена молба од страна на корисниците (физички и правни лица) што влијае на висината на искажаните приходи и побарувања по тој основ. Имено, намалувањето на обврските на корисниците се врши по различни основи и тоа: утврден „дефект после водомер“, кој согласно закон се фактурира на товар на корисникот[11], прикажана голема потрошувачка, материјална состојба на корисникот и слично. Намалувањето на сметките за потрошена вода се врши во висина од 10% до 50% од вкупната вредност на одредена сметка за вода или од вредноста на вкупниот долг на корисникот. За одлучување по примените молби за намалување на сметките, од страна на УО формирана е Комисија[12], која е составена од пет члена, чиј претседател е директорот на јавното претпријатие. Со ревизијата утврдивме дека постапката и условите за намалувања на обврските за потрошена вода и висината на процентот за кој истите се намалуваат не се уредени со интерен акт, односно оставено е дискреционо право на Комисијата да одлучува за прифаќање или одбивање на молбата и одобреното намалување. Комисијата не донесува одлука/решение во кое се утврдува основот и се образложуваат причините за прифаќање или одбивање на молбите на корисниците. Воспоставена е пракса процентуалното намалување на побарувањата за вода да се запишува на самата молба, без образложение и потпис на членовите на Комисијата, како потврда за нивната согласност за донесената одлука. Намалувањето на побарувањата за потрошена вода кои не се тужени, се врши на начин што се сторнира сметката/ите за кои се однесува молбата, по што се изработува нова сметка/и во која/и се врши корекција односно намалување на утврдената цена на водата сразмерно на процентот за кој е одлучено да се намалат побарувањата за вода, што има за ефект кај одредени корисници фактурирањето за потрошена вода да се врши по пониски цени од утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење[13], усвоена од УО и

[11] Член 14 од Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

[12] Одлука за разрешување и именување членови во Комисија за постапување по Барање од правни и физички лица, заради утврден дефект на водоводна мрежа број 02-976/2 од 28.12.2021 година.

[13] Решение од РКЕ за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод Битола за регулиран период 2021-2023 година УП1 број 08-102/20 од 23.07.2020 година ; Одлука на УО за усвојување на тарифи за вода во ЈКП Водовод Битола за регулиран период од 2021-2023 година број 02-648/1 од 05.08.2020 година; Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифи за вода во ЈКП Водовод Битола за регулиран период 2021-2023 година број 09-96/39 од 10.09.2020 од Совет на општина Битола.

одобрена од РКЕ и Советот на општината. Намалувањето на побарувањата од корисниците за потрошена вода кои се тужени се врши со траен отпис во сметководствена евиденција. Наведените состојби влијаат на реалноста и точноста на искажаните приходи по основ на снабдување со вода за пиење;

- кај водомерите на кои се мери заеднички потрошената вода од повеќе корисници, јавното претпријатие врши поделба помеѓу корисниците при што фактурира поединечно на секој од нив. При тоа, со ревизијата утврдивме дека наместо вкупната количина на потрошена вода да се подели помеѓу корисниците сразмерно на нивното договорено процентуално учество, поделбата се прави на начин што утврдената цена/тарифа за 1m$^3$ потрошена вода се коригира со договорениот процент на учество, при што добиениот резултат за секој од корисниците поединечно претставува цена по која јавното претпријатие ја фактурира вкупната количина на потрошена вода. Наведениот начин на поделба на трошоците има за ефект фактурирањето за 1m$^3$ потрошена вода да се врши по различни цени[14] за секој од корисниците кои не соодветствуваат со утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење одобрена од РКЕ и Советот на општината, а корисниците немаат увид во сопствената потрошувачка на вода. Исто така, јавното претпријатие не располага со договори/спогодби или друг акт за сите корисници, врз основа на кои се врши поделба на обврските за потрошена вода кај заедничките водомери, поради што констатиравме случаи на не фактурирана потрошувачка на вода измерена на заеднички водомер што влијае на висината на пресметаните и евидентирани приходи;
- во јавното претпријатие не се врши периодично усогласување на сметководствената евиденција на искажаните приходи со оперативната евиденција на издадени фактури за физички лица евидентирани во „билинг“ системот. На ревизијата, на два пати и беше доставена база на податоци од „билинг“ системот за 2022 години, која и во двата наврати не беше усогласена со евидентираните побарувања од физички лица во сметководствената евиденција по основ на издадени сметки за вода. Имено, во сметководствената евиденција евидентирани се побарувања од физички лица по основ на потрошена вода во вкупен износ од 144.551 илјада денари, а во доставените податоци од „билинг“ системот, во првиот случај евидентирани се

[14] цена од 0,93 денари, 4,70 денари, 8,94 денари и слично, наместо утврдената тарифа за 2022 година, која за домаќинства изнесува 30.95 денари за 1м$^3$, а за правни лица 51.66 денари за 1м$^3$

побарувања во вкупен износ од 145.569 илјади денари, а во вториот случај тие изнесуваат 141.557 илјади денари. Од страна на одговорните лица во јавното претпријатие не е добиено објаснување за причните од кои произлегуваат ваквите разлики поради што ревизијата не беше во можност да ја потврди точноста и реалноста на искажаните приходи по овој основ;

- за правните лица во „билинг“ системот не се пресметува камата за задоцнето плаќање на фактури. За физичките лице истата се пресметува, но оставена е можност, да се избере опција „без камата во следна сметка”, која може да ја користи секој оператор кој работи во „билинг“ системот, што создава ризик од субјективно постапување при изготвување на сметките за вода. Оваа состојба не е во согласност со член 266 од Закон за облигациони односи[15] кој предвидува дека должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска, долгува покрај главнина и затезна камата по стапка утврдена со закон, што влијае врз целосноста на наплатените приходи по овој основ.

- кај приходите кои се остварени од **изведба и реконструкција на водоводна мрежа** во износ од 5.493 илјади денари, утврдивме дека времените ситуации не се верифицирани (потпишани) од инженерот во Одделението за водоводна мрежа и приклучоци како нивен изготвувач, а не секогаш се потпишани од раководниот инженер на градилиштето, раководителот на сметководството, директорот, надзорниот инженер и инвеститорот, како потврда и одобрување за видот, количината и цената на изведени работи за кои е фактурирано. Секторот за финансии, сметководство и комерција нема увид во видот и бројот на изведени работи за реконструкција и изградба на водоводна мрежа и колку времени ситуации по основ на истите треба да бидат изготвени и доставени за нивно евидентирање, што создава ризик за одредени изведени работи да не бидат фактурирани и наплатени;

- кај приходите од **услуги за приклучување на водоводна мрежа и поправка на водоводна инсталација** во вкупен износ од 1.560 илјади денари, кај извршените услуги за приклучување на водоводна мрежа го утврдивме следното:
  - во изготвените фактури најчесто како вид на услуга се наведува „монтажа на приклучок“ без притоа да се прецизира за кој вид на услуга

[15] Закон за облигационите односи (Службен весник на РМ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

се фактурира: изведба на приклучок на нов објект, времен приклучок, промена на постоечки приклучок или двоење на приклучок, имајќи во предвид дека за сите услуги поединечно се предвидени различни цени. Во оваа насока истакнуваме дека, вредноста на услугата „монтажа на приклучок“ во фактурите е со различни цени, при што од одговорните лица не добивме објаснување за причините поради кои прецизно не се определува услугата;

- излезните фактури се изготвуваат со задоцнување од 1 до 7 месеци, по извршување на услугата или добиената уплата од корисниците по тој основ. Наведената состојба не е во согласност со член 53 став 8 и 9 од Законот за ДДВ во кој е предвидено дека фактурата се издава во рок од пет дена од денот во кој бил извршен прометот или е добиено авансното плаќање и влијае на навременото евидентирање на остварените приходи и пресметаниот данок, имајќи во предвид дека јавното претпријатие е месечен обврзник на ДДВ;
- во дел од фактурите, наведени се цени кои не се предвидени во усвоениот ценовник за приклучување на водоводна мрежа. Имено, за реализирање на услуги за приклучок на водоводна мрежа за селата: Добримири, Новаци, Будаково, Трап, Радобор, Чарлија, Могла, Меџитлија, Гермијан, Гнеотино, Рибарци, Жабени и Екри се фактурира по различни цени, за секое од селата, кои се повисоки и не соодветствуваат со цените во усвоениот ценовник. За вака утврдените цени на ревизијата не и беа презентирани соодветни акти (одлуки од УО и основачот и/или договори) врз основа на кои истите се утврдени. Исто така не беа доставени и докази за потврдување на цената врз основа на која се наплатува услугата „поправка на дефект на водоводна инсталација“ од причина што, истата не е предвидена во усвоениот ценовник, ниту во друг акт;

- кај приходите од **сервисирање на користени водомери и услуги за баждарење на нови водомери** , во вкупен износ од 530 илјади денари утврдивме:
  - во изготвените фактури најчесто како вид на услуга за која е фактурирано се наведува „поправка на водомер“ без притоа да се прецизира типот на водомерот и видот на услугата за кој се фактурира: скината пломба, промена на водомери кои не подлежат на баждарење, оштетен наглавак или тело, стакло, имајќи во предвид дека за сите услуги и типови на водомери поединечно се предвидени различни цени;
  - воспоставениот начин на работа овозможува издавање и евидентирање на фактури, кои имаат ист број, а се однесуваат за

услуги кои се извршени во различен временски период и за различни корисници, при што од надлежните лице не беше добиено објаснување за причините;

- во дел од фактурите за баждарење на нови водомери и за промена на стакло и поправка на водомер не е фактурирано согласно цените во усвоениот Ценовник. Имено, на одредени корисници за баждарење на нови водомери им е фактурирано по пониски цени од предвидените, а како образложение се наведува потребата од задржување на конкурентност на пазарот кај корисници кои баждарат поголема број на водомери. Утврдивме и фактури во кои за промена на стакло и поправка на водомер поединечно е фактурирано за променетите делови и работната рака што не е согласно усвоениот ценовник. За ваквиот начин на фактурирање не беше добиено објаснување од страна на одговорните лица ниту беше презентиран акт врз основа на кој истото се врши.

Наведениот начин на остварување на приходите, без примена на одобрени цени од надлежните органи, без соодветна поткрепувачка документација, непресметување на камата за задоцнето плаќање на фактурите и отсуство на контроли при остварувањето и евидентирањето на приходите во финансиските извештаи, не е во согласност со член 472 став 3 и 4 од ЗТД со кој е предвидено дека сите податоци регистрирани во деловните книги мора да бидат целосни и комплетирани и да се водат врз основа на веродостојни документи, што влијае на реалноста, објективноста, целосноста и точноста на приходите и побарувањата искажани во финансиските извештаи, како и на финансискиот резултат од работењето

Препорака

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- утврдување на цени за сите услуги кои ги нуди јавното претпријатие, а фактурирањето за услугите и изведените работи да се врши согласно цените во усвоените ценовници;
- продолжување со започнатите активности за обезбедување согласност од основачот за сите донесени ценовници и утврдени цени;
- точно и уредно фактурирање за потрошената вода од физички и правни лица, во согласност со утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење;
- обезбедување на услови за издавање фискални сметки и соодветна потврдна документација при авансните плаќања;
- обезбедување на акти врз основа на кои ќе се врши поделбата на трошоците за потрошувачка на вода измерена на заеднички водомер и фактурирање на секој од корисниците согласно процентуално договореното учество во

намирување на обврските;
- усогласување на сметководствената евиденција на искажаните приходи со оперативната евиденција на издадени фактури за физички лица (билинг систем);
- продолжување со започнатите активности за изготвување и потпишување на градежна книга и градежен дневник, како и работни налози и издатници, при остварување на приходите од изведба и реконструкција на водоводна мрежа, приклучување на водоводната мрежа, сервисирање и баждарење на водомери;
- воведување на систем за пресметка и наплата на камата за задоцнето плаќање на фактурите;
- изготвување на излезни фактури на денот кога се извршени услугите односно на денот кога е извршено авансното плаќање, а најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот во кој бил извршен прометот или е добиено авансното плаќање и
- вршење на проверка од страна на ликвидаторот на излезните фактури и поткрепувачката документација во однос на изведените/ извршени работи и услуги, фактурираните количини и цените согласно ценовниците.

3.1.2. Во деловните книги и финансиските извештаи на ден 31.12.2022 година искажани се побарувања од купувачите во земјата во вкупен износ од 115.242 илјади денари. Евидентираните побарувања се од физички и правни лица по основ на снабдување со вода за пиење и други услуги. Во јавното претпријатие за побарувања од физички лица кои не се тужени, воспоставена е пракса да се врши вредносно усогласување на побарувањата кои не се наплатени во рок од 1 година, а траен отпис на оние кои не се наплатени во рок од 3 години. Траен отпис се врши и на тужени побарувања кои не се наплатени во рок од 10 или повеќе години. Вредносно усогласување или целосен отпис на побарувањата континуирано се врши секоја година врз основа на предлог од Комисијата за попис кој се усвојува од страна на УО на јавното претпријатие. Покрај намалувањето на вредноста на побарувањата кои се вршат по предлог на комисијата за попис, јавното претпријатие врши намалување на вредноста на побарувањата од поединечни корисници и во текот на годината врз основа на поднесена молба од истите што е детално образложено во точка 3.1.1. која се однесува на приходите остварени од снабдување со вода за пиење.

Во 2022 година по предлог на комисијата за попис во сметководствената евиденција, за побарувањата од физички лица кои не се тужени извршен е траен отпис во вкупен износ од 3.981 илјада денари за оние кои потекнуваат од 2020 година и вредносно усогласување за 7.038 илјади денари за побарувањата кои се од 2021 година. За побарувањата за кои е извршен траен отпис и вредносно усогласување од страна на одговорните лица не беа образложени причините поради кои јавното претпријатие во законските рокови нема

преземено мерки за искористување на правото за нивно утужување и барање на присилно исполнување и наплата. Наведената состојба не е во согласност со член 251 став 1 и став 2 од ЗОО и член 13 точка 4 од ЗЈП кој се однесува на обврската за заштита и унапредување на добрата од општ интерес и има за ефект помалку наплатени средства.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување навремено да преземат активности за наплата на ненаплатените побарувања од комитентите.

3.1.3. ЈКП Водовод Битола е основано во 1954 година, со Одлука на Собранието на Општина Битола[16], како правно лице со своја сметка. Во 1989 година направена е трансформација при што Јавното претпријатие Водовод Битола со Одлука за издвојување[17] и Одлука за организирање[18] е основано како ЈКП Водовод Битола.

Во деловните книги на ЈКП Водовод Битола, основната главнина е евидентирана во износ од 511.648 илјади денари, но истата не е запишана во единствениот Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар, како што е уредено со член 298 став 1 точка 3 од ЗТД[19]. Според потврдата за Тековната состојба на субјектот од Централниот регистар од мај 2023 година, во документот не се наведени вложените средства во субјектот односно основачкиот влог на друштвото.

ЈКП Водовод Битола не располага со уредни и веродостојни документи врз основа на кои е извршено евидентирањето на основната главнина во сметководствената евиденција и не се преземени мерки за утврдување на пазарната вредност на имотот и проценка на капиталот што има влијание на неговото реално и објективно прикажување.

Недостатокот на податоци во Централниот регистар, кој претставува централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, не овозможува да се потврди точноста, реалноста и објективноста на искажаниот износ на основната главнина во финансискиот извештај - Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година. Наведената состојба не е во согласност со член 472 став 4 од ЗТД, со кој е пропишано дека, трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

---

[16] Одлука на Собрание на Општина Битола бр. 28956 од 16.12.1954 година

[17] Одлука за издвојување на ООЗТ “Водовод” Битола од Комунална работна организација “4-ти Ноември” Битола и конституирање како ЈКП “Водовод” Битола бр. 02-989 од 01.11.1989 година

[18] Одлука за организирање на Комунална работна организација “4-ти Ноември” ООЗТ “Водовод” Битола како јавно претпријатие бр. 08-3017/1 од 28.12.1989 година

[19] Закон за трговските друштва – Службен весник на Република Македонија број 28/04,.......,239/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 290/20, 215/21 и 99/22

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење, да преземат мерки и активности за утврдување на објективна вредност на основачкиот влог и негов упис во единствениот Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

3.1.4. Во 2022 година по основ на изградба и реконструкција на водоводна мрежа и инсталација кои во свое име и за своја сметка ги изведува јавното претпријатие искажани се приходи од употреба на сопствени добра и услуги и зголемување на вредноста на градежните објекти во вкупен износ од 6.582 илјади денари. За изведените градежни работи и изготвените интерни времени ситуации на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација (градежна книга, градежни дневници) врз основа на која може да се потврди периодот, видот и количина на изведените работи, а не беа доставни ниту одобрени проекти за реконструкција, одобренија за градење и одобренија за употреба издадени од надлежен орган. Имено, согласно Законот за градење[20], изградбата на нови линиски инфраструктурни градби како локални водоснабдителни системи, започнува по претходно обезбедено правосилно одобрение за градење издадено од градоначалникот на соодветната општина каде се изведува градбата, а по завршувањето на градбата ставањето во употреба на истата се врши по обезбедно одобрение за употреба. Во Законот за градење[21] исто така е предвидено реконструкцијата на линиски инфраструктурни објекти да се врши по претходно одобрен проект за реконструкција од страна на надлежен орган кој во случај на реконструкција на локални водоснабдителни системи е општината.

Наведените состојби не се во согласност со член 472 став 4 од ЗТД согласно кој трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, го отежнуваат процесот на потврдување на точноста и целосноста на искажаните приходи по основ на употреба на сопствени добра и услуги и искажаните зголемувања на вредноста на градежните објекти во трговските книги и финансиските извештаи на јавното претрпријатие.

Препорака

Надлежните лица за управување и раководење да ги преземат следните мерки и активности:

[20] член 56 став 1, член 57 став 2 и член 58 став 2 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23).

[21] член 97-в од Закон за градење

- изведбата на нова водоводна мрежа и инсталација да се врши по претходно обезбедено одобрение за градење од надлежен орган и нивното ставање во употреба да се врши по обезбедено одобрение за употреба и
- реконструкцијата на водоснабдителни објекти да се врши врз основа на изготвен и одобрен проект за реконструкција.

3.1.5. ЈКП Водовод Битола согласно одредбите од ЗТД има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршењето на пописот донесена е Одлука[22] со која е формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. По завршениот попис Централната пописна комисија изготвила Елаборат[23] за извршениот попис на средствата и обврските со состојба на ден 31.12.2022 година, усвоен со Одлука на УО[24]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани се наведените состојби:

- пописните комисии за извршување на пописот немаат изработено план за работа, што не е во согласност со член 10 став 1 од Правилникот[25];
- материјалните средства и залихи кои се предмет на попис не се соодветно означени со пропишани ознаки, што не е согласно член 9 став 2 точка 4 од Правилникот;
- не е извршено издвојување на нефункционалниот инвентар, опрема, материјали и слично што не е во согласност со член 9 став 2 точка 6 од Правилникот;
- пописните листи се составени по магацини и според локацијата на основните средства и ситниот инвентар, а не според аналитичките сметки на средствата кои се предмет на пописот и содржат утврдени фактички количини, но не и вредносни показатели поединечно за средствата, што не е во согласност со член 10 став 4 и став 5 од Правилникот;
- на крајот на 2022 година извршен е попис за земјиштето, нематеријалните и материјалите средства, залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и паричните средства во благајна, но не и на останатите средства и обврски[26], поради што на дел од средствата не е направено усогласување на

[22]Одлука за извршување на пописот на средствата и обврските со состојба до 31.12.2022 година бр.02-808/3 од 14.11.2022 година

[23] Елаборат за попис за 2022 година бр.02-130/2 од 08.02.2023 година

[24] Одлука за прифаќање на Елаборатот за извршениот попис на средствата и обврските изготвен од Централната пописна комисија со состојба до 31.12.2022 година бр.02-130/2 од 08.02.2023 година

[25]Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, („Службен Весник на Република Македонија“, бр. 107 од 2011 година)

[26]долгорочни финансиски средства, парични средства, побарувања, обврските кон добавувачите и

нивната сметководствена со фактичката состојба како што е уредено со член 3 и 4 од Правилникот;

- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), што не е во согласност со член 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;
- дел од пописните листи за материјални средства и ситен инвентар не се целосно потпишани од сите членови на комисии и ракувачот (одговорно лице) што не е во согласност со член 10 став 12 од Правилникот;
- за спроведениот попис на материјалите во магацините, презентирани се пописни листи од комисијата и одговорни лица во магацинот кои се усогласени со сметководствената евиденција, но не се потпишани, како и пописни листи за материјали чија утврдената фактичка состојба се разликува од сметководствената состојба и истите се потпишани. Поради тоа ревизијата не беше во можност да ја потврди веродостојноста и точноста на пописните листи кои се основа за утврдување на состојбата на материјалите во магацин на крајот на годината;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично не се попишани на посебни пописни листи, а расходот е нотиран на самите пописни листи заедно со останатите средства, кој што не е спроведен во сметководствена евиденција од причина што предлогот за расход на основни средства и ситен инвентар не е содржан во елаборатот на Централната пописна комисија, што не е во согласност со член 10 став 10 од Правилникот;
- извештајот од Централната пописна комисија ги содржи извештаите од поединечните пописни комисии, со податоци за вредноста на средствата кои треба да се расходуваат и отпишат. Истите не ги содржат податоците за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, причините за разликите, забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од Правилникот. Исто така, во Извештајот не е истакнато дека постојат одредени ставки на залиха и количини кои подолго време стојат и не се употребуваат. За истите не е постапено согласно барањата на МСС 2 точка 6 односно залихите не се вреднувани по пониска од набавната и нето реализациона вредност согласно сметководствениот концепт на претпазливост;
- расходуваните средства, со набавна вредност од 306 илјади денари кои

---

другите обврски, платените трошоци за идни периоди, обврските за долгорочните кредити, средства земени под финансиски наем (лизинг), одложените плаќања на трошоци и приходи на идни периоди и основна главнина.

поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат, отстранети се од сметководствената евиденција без да се преземат натамошни мерки за физичко отстранување со спроведување на постапка за нивно отуѓување или уништување. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 11 од Уредбата[27] според која средствата кои во целост се отпишани остануваат во евиденција и се искажуваат во билансот на состојба до моментот на нивното продавање, подарување, отуѓување на друг начин или уништување.

Наведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки и активности:

- пописните комисии пред започнување на пописните активности да изготват план;
- вработените кои се задолжени со средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители пред започнување на пописот да ги преземат сите подготвителни активности меѓу кои и означување на предметите со соодветни етикети, декларации, бар кодови или со други пропишани ознаки;
- при вршење на пописот да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- во пописните листи покрај количините да се внесат и вредностите поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично да се попишат на посебни пописни листи;
- извештаите од Централната пописна комисија и поединечните пописни комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот;
- пописните листи да бидат потпишани од сите членовите на пописната комисија и

[27] Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства („Службен весник на Република Северна Македонија,”бр.277/19)

- за движните ствари за кои при вршењето на пописот на средствата е утврдено дека се дотраени, неупотребливи, неисправни или застарени, поради што не се користат, но и за истите сè уште не се преземени активности за продажба, размена, преработка, рециклирање или уништување како отпад, повторно да се евидентираат во деловните книги на претпријатието и на посебни пописни листи се до нивното физичко отстранување.

3.1.6. Со ревизијата на искажаните залихи на суровини, материјали, ситен инвентар и автогуми, кои на крајот на 2022 година се проценети во износ од 85.074 илјади денари ги утврдивме следните состојби:

- јавното претпријатие нема донесено интерен акт со кој ќе се уреди начинот на набавки, прием и издавање на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар. Трите магацини: магацин за материјал за одржување на водоводна мрежа, магацин за водомери и резервни делови и магацин за резервни делови, гориво и мазиво за возниот парк, приемот и издавањето на залихите го вршат по воспоставена пракса;
- од вкупните залихи на суровини и материјали кои изнесуваат 78.438 илјади денари, 21.341 илјади денари или 27% се набавени пред 2018 година и истите до денот на вршење на ревизијата немаат промени во нивната состојба, поради што постои можност повеќе да немаат употребна вредност, односно да се технолошко застарени. Утврдивме дека од нив, со најголема вредност се залихите на водомери во износ од 11.512 илјади денари. За одредени суровини и материјали, во континуитет се врши набавка, иако почнувајќи од 2018 година, секоја наредна година, до денот на ревизијата истите не се издаваат. Таков случај се и набавките на водомери, поради што оваа залиха на крајот на 2022 година изнесува 26.755 илјади денари, односно истата е зголемена за околу 132%. Во 2022 година, 55% од вкупните залихи во износ од 42.879 илјади денари немаат промени.

  Оваа состојба укажува дека при управувањето со залихите, не се одредуваат минимални, максимални и оптимални количини на залихи на суровини, материјали и резервни делови, се врши непотребно ангажирање на средства во набавка на прекумерни залихи кои може да застарат или да изгубат од квалитетот. Исто така имајќи во предвид дека за овие залихи е изминат период од неколку години, констатиравме дека на крајот на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценетата продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентираonisката од нив во согласност со барањата на Правилникот за водење на сметководството МСС 2 точките 6, 9 и 34;

- со исклучок на дел од материјалите и резервните делови[28], останатите набавени материјали и резервни делови директно се признаваат како трошок, без при тоа да се воспостави евиденција на прием и издавање на залихата, а истите не се чуваат во магацин, туку од страна на лица кои ги нарачале. Истовремено, на крајот на годината не се прави процена на неискористените материјали и резервни делови, поради што искажаните трошоци не се веродостојни, а состојбата на материјалите на залиха не е реална и објективна;
- во материјалната евиденција евидентирано е зголемување на залихите на материјали и резервни делови во вкупен износ од 1.847 илјади денари, со изготвување на повратници, без прилог на соодветна документација како потврда за причината за нивното повторно евидентирање. Со ревизијата утврдивме дека дел од повратниците не претставуваат реално враќање на издадените материјали, а истите се изготвуваат за изедначување/ усогласување на констатираните разлики меѓу количините во сметководствената и материјалната евиденција;
- при издавањето на материјалите и резервни делови се изготвуваат „издатници“ кои не се печатат и не ги потпишува ниту лицето кое ги издава ниту лицето кои ги примило. Во прилог недостасуваат „требовања“ или „работни налози“ како поткрепувачка документација за одобрување при издавањето на потребниот вид и количини на материјали. Признавањето и евидентирањето на трошоци без целосна и веродостојна документација не овозможува потврдување на реалноста на направените трошоци и наменското користење на средствата на претпријатието;
- поради ненавремено пресметување на пондериран просек при набавката на исти артикли по различни набавни цени, артиклите се издаваат по последно пресметана пондерирана цена, наместо да се издаваат по цена која претставува нов пондериран просек. Причината за ваквата состојба е временската разлика од приемот до евидентирањето на материјалите во материјална евиденција врз основа на фактура, која што се доставува подоцна, по извршениот прием.
- утврдивме дека постои: издавање на материјали кои физички се наоѓаат во магацинот, но за истите не е изготвена приемница, искажани се негативни салда на количините на материјали и издавање на материјали без вредност;
- не се врши евиденција на набавката и издавањето во употреба на ситниот инвентар со соодветно зголемување и намалување на залихите. Набавениот ситен инвентар веднаш се става во употреба и еднократно се отпишува без вработените да бидат задолжени лично со реверси за ситен инвентар што го

[28] материјали за одржување на водоводна мрежа, резервни делови за водомери и возен парк

користат со цел да се подигне нивото на одговорност (задолжувањето е по локација). Наведената состојба влијае на реалното и објективно прикажување на состојбата на ситниот инвентар на залиха и во употреба и искажаните трошоци по тој основ;
- при вршење на дејноста, јавното претпријатие прави замена на старите водомери на физичките и правните лица со водомери со далечинско отчитување. Со ревизијата утврдивме дека за водомерите со далечинско отчитување, не е воспоставена материјална евиденција, а начин на нивно евидентирање при вградување не е соодветен. При вградување на водомерите се искажува трошок во износ од 20% согласно одлука на УО[29], со која е предвидено да имаат третман на ситен инвентар со рок на амортизација од 5 години. Напоменуваме дека на ставката ситен инвентар на залиха, треба да се евидентира ситен инвентар кој е во сопственост и го користи претпријатието, што не е случај со вградените водомери. Овој начин на евидентирање и отпис на ситниот инвентар не овозможува реално искажување на трошоците и количините на вградените водомери на крајот на годината во износ од 5.617 илјади денари.

Наведените состојби не се во согласност со барањата за веродостојно претставување и комплетност на искажаните залихи во финансиските извештаи како што е предвидено во „Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи“, како и барањата од МСС2 - Залихи од Правилникот за водење на сметководство и влијае на нерационално трошење на средствата. Истовремено не се постапува согласно член 472 точка 3 од ЗТД со кој е пропишано дека сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни комплетирани, навремени и ажурирани, што има влијание врз реално и објективно прикажување на вредноста на залихите во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година и на расходите и финансискиот резултат од работењето.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:
- утврдување и планирање на фактичката потреба од залихи на суровини, материјали и резервни делови;
- реално и објективно признавање и мерење на залихите, нивно соодветно, точно и навремено евидентирање (при прием и издавање) во сметководствена и материјална евиденција врз основа на веродостојни сметководствени документи;

[29] Одлука за измена и дополнување на Одлуката за примена на сметководствени политики бр.02-120/3 од 17.02.2014 година

- утврдување на вредноста на залихите по нивното почетно признавање на крајот на деловната година и прикажување на вредноста на залихите во финансиските извештаи според нивната усогласена вредност и
- воспоставување на материјална евиденција на водомери со далечинско отчитување без да се врши отпис, односно трошокот да се искажува при нивното вградување.

3.1.7. Земјиштето и градежните објекти, во финансиските извештаи се проценети со сегашна вредност од 347.210 илјади денари што претставува 81% од вкупните материјални средства со кои располага јавното претпријатие. Со извршениот увид во материјалната и сметководствената евиденција и прилог документацијата ги утврдивме следниве состојби:

- евидентирано е земјиште со вредност од 87.753 илјади денари, состојба која потекнува од минати години, а за која нема прилог поткрепувачка документација и целосно обезбедени имотни листови[30]. Отсуството на целосни, детални и точни податоци за земјиштето во сметководствената и материјалната евиденција не овозможува да се потврди видот, површината и сопственоста на земјиштето;
- градежните објекти се проценети на износ од 259.457 илјади денари, од кои 121.915 или 47% претставуваат инфраструктурни објекти (водоводната мрежа) кои треба да се запишат во катастарот на инфраструктурни објекти востановен како дел од катастарот на недвижности. Не запишувањето на правата на инфраструктурните објекти, кои јавното претпријатие ги користи за вршење на својата дејност, предизвикува отсуството на детални и точни податоци за водоводната мрежа во материјалната евиденција на постојаните средства, поради што не може да се потврди нивната комплетност, должина и сопственост.

  Кај останатите градежни објекти[31] со вредност од 137.542 илјади денари утврдивме дека, за 46% од нив ЈКП Водовод Битола не поседува имотни листови со кои ќе се докаже запишаното право на сопственост, додека за административната зграда со сегашна вредност од 47.565 илјади денари, извршен е технички прием на 31.12.2022 година, но не е започната постапка за обезбедување на имотен лист;
- јавното претпријатие располага со имотен лист[32] за градежен објект стан – викенд куќичка во Претор кој не е евидентиран во материјалната евиденција,

[30] Не се обезбедени имотни листови за земјиште со вредност од 23.605 илјади денари (Стопански двор и филтер станица „Дихово“)
[31] Градежни објекти за хидроцентрали, резервоари, пумпни станици, брани, објекти на водовод, згради од метал, дрво и пластика
[32] Имотен лист бр. 502 КП 524/1 КО Претор

а во сметководствената евиденција е евидентиран на останати материјални средства со вредност од 65 денари. За овој објект, не е утврдена објективната вредност поради што истиот не е искажан реално на позицијата градежни објекти.

Ненавременото преземање мерки и активности за задолжително запишување на правото на сопственост на земјиштето и градежните објекти е спротивно на член 142 и 178 од Законот за катастар на недвижности и не овозможува да се потврди правото на сопственост на ЈКП Водовод Битола врз истите. Истовремено овие состојби не се во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- утврдување на правниот статус за земјиштето за градежните објекти за кои истиот не е определен и нивно запишување во АКН;
- точно и целосно сметководствено евидентирање на средствата кои се водат во материјалната евиденција на ЈКП Водовод Битола и нивно усогласување со податоците од имотните листови и
- соодветно евидентирање во материјалната и сметководствената евиденција на претпријатието на сите средства со кои располага.

3.1.8. Согласно точка 5 од МСС 8[33], сметководствените политики се специфични принципи, основни конвенции, правила и практики кои треба да ги применува друштвото при подготовка и презентирање на финансиските извештаи. Сметководствените политики треба да придонесат за порелевантно обезбедување на информации во однос на користените проценки и нивното влијание врз финансиските трансакции, врз состојбата на средствата и остварениот финансиски резултат.

Со извршената ревизија констатиравме дека сметководствените политики на ЈКП Водовод Битола, се донесени во 2006 година и истите во одредени барања не ги претставуваат веродостојно финансиските трансакции, финансиската успешност, паричните текови и не се комплетни како што е пропишано во точка 7 и 10 од МСС 8. Со усвоените сметководствените политики не е утврден корисниот век и не се пропишани стапките за пресметка на годишната амортизација на материјалните и нематеријални средства, политиката за

[33] МСС 8 – Сметководствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки

признавање на залихите која не соодветствува со начинот на нивно евидентирање и издавање во сметководствената евиденција и не е уреден начинот на вршење на проценка на ризикот од наплата на секое поединечно побарување и роковите во кои се врши намалување на вредноста на побарувањата преку вредносно усогласување и траен отпис. Не извршената промена на сметководствените политики влијае на веродостојноста на информациите во врска со трансакциите во финансиските извештаи.

Препорака
Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за донесување на нови сметководствени политики, сообразни со новите услови на работење и начин на евидентирање на сметководствените проценки.

3.1.9. Во 2022 година исплатени се 1.809 илјади денари по основ на остварено право на старосна пензија и јубилејни награди, од кои износот од 1.120 илјади денари се однесува на отпремнина при заминување во пензија и 689 илјади денари се исплатени за јубилејни награди. Утврдивме дека истите не се пресметани и признати во финансиските извештаи како резервирања за правата на вработените за отпремнина и јубилејни награди во претходниот и за наредниот период, што претставува несоодветна примена на Правилникот за водење на сметководство МСС 19[34], кој пропишува дека стекнатите права треба да се вкалкулираат во текот на работниот век (од вработување до дата на исплата), а не да биде на товар на трошоците во периодот кога ќе бидат исплатени. Наведената состојба не е во согласност со член 469 од ЗТД согласно кој финансиските извештаи се водат согласно МСС, и влијаат врз реално и објективно прикажување на состојбата на обврските и расходите во деловните книги и финансиските извештаи и има влијание врз финансискиот резултат од работењето.

Препорака
Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за соодветен третман и евидентирање на бенефициите на вработените кои се исплаќаат во текот и по престанокот на работниот однос и нивно разграничување во периодот кога се случуваат трансакциите/ настаните.

3.1.10. Во 2022 година евидентирани се трошоци во износ од 113.894 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈКП Водовод Битола имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Висината на платите за вработените кои имаат статус на

[34] МСС 19 – Користи за вработените

административни службеници е уредена со Законот за административни службеници, додека за лицата кои имаат статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица отсуствуваат законски одредби со кои би се уредил начинот на пресметување на платите. За овие категории на вработени согласно член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор оставена е можност висината на платите и други прашања од работниот однос да се уредат со општите прописи за работни односи и колективни договори. ЈКП Водовод Битола во ноември 2020 година донело Правилник[35] со кој се уредуваат прашања за плата, надоместоци на плата и други надоместоци и примања на вработените кои имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и други вработени кои вршат помошно технички работи и немаат статус на административни службеници и даватели на јавни услуги.

Со извршениот увид во персоналните досиеја, склучените договори за вработување и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата за вработените ревизијата ги утврди следните состојби:

- во Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП Водовод Битола за вработените кои имаат статус на административни службеници освен утврдените бодови за пресметка на плата согласно член 87 од Законот за административни службеници, додаден е и коефициент за изедначување. Со одредбите од овој закон, предвидено е дека платата на административни службеници е составена од основна компонента (дел на плата за образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж) и исклучителна компонента (додаток за работа во смени, прекувремена работа, работа во посебни услови, ноќна работа). Во ЈКП Водовод Битола во основна компонента освен делот на платата кој се однесува на степен на образование и ниво на работно место додаден е и коефициент за изедначување со што се зголемени бодовите за пресметка на плата што не е во согласност со одредбите од член 87 од Законот за административни службеници, поради што износот на пресметаните плати е повисок од законски утврдениот;
- со извршениот увид во персоналните досиеја на вработените во ЈКП Водовод Битола, утврдивме дека дел од вработените лица се распоредени на работни места за кои немаат соодветно образование, дел од досиејата се некомплетни односно недостасува документација за докажување на општите услови утврдени со законската регулатива[36], доказ за работно искуство, како и доказ

[35] Правилник за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП Водовод Битола бр. 02-1014/1 од 05.09.2019.година и измени на Правилникот бр. 02-336/1 од 20.01.2020 и 02-114/2 од 21.02.2020 година

[36] Општи услови утврдени со Законската регулатива меѓу другото се да: е државјанин на РСМ, има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

за општите и посебните работни компетенции за соодветното работно место (знаење, вештини и способности за извршување на работата). Исто така утврдивме дека за дел од вработените, документацијата за завршено образование е во фотокопија и без печат и заверка на нотар;

- на дел од вработените кои со наредба-овластување од директорот вршат и други работни задачи им се исплаќа работна успешност до 30%, со донесување на решение од страна на Директорот, без примена на критериуми, што не е во согласност со член 83 од Колективниот договор на ЈКП Водовод Битола со кој е предвидено исплатата на работна успешност да се врши месечно врз основа на утврдени критериуми и
- со извршениот увид во сметководствената документација утврдивме дека трошоците за пресметана и исплатена плата не се евидентирани навремено. Имено, платата се евидентира на секои три месеци, што не е во согласност со член 472 став 3 од Законот за трговски друштва во кој е наведено податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат навремени и точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување и
- во ЈКП Водовод Битола не е донесен акт за определување на поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на вработените, кои се категоризирани како административни службеници, даватели на услуги и помошно–техничките лица, поради што во 2022 година не е извршено нивно оценување. Оваа состојба не е во согласност со член 65 од Законот за административни службеници, член 37-п од Законот за јавните претпријатија и член 7 од Законот за вработените во јавниот сектор согласно кои вработените во јавното претпријатие задолжително се оценуваат еднаш годишно.

Наведените состојби укажуваат на неправилности во примена на законските прописи и колективниот договор со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата на административните службеници, несоодветна пополнетост на работните места, некомплетни персонални досиеја, исплата на работна успешност без примена на пропишани критериуми и ненавремена и неажурна воспоставена евиденција за платите, што влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати на вработените.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- комплетирање на персоналните досиеја на вработените со потребната документација која се бара за соодветното работно место;
- пресметката и исплатата на додатоците на плата да се врши согласно дефинираните критериуми со Колективниот договор;
- пресметката и исплатата на трошоците за плата и придонеси од плата да

бидат навремено евидентирани и точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување и

- органите на управување и раководење да преземат мерки и активности за донесување и примена на правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценување на вработените.

3.1.11. Во Даночниот биланс за оданочување на добивката – образец "ДБ", доставен до УЈП на 21.03.2023 година, ревизијата констатира дека на утврдениот финансиски резултат во билансот на успех, загуба во износ од 21.533 илјади денари додаден е износот на непризнаени расходи за даночни цели во износ од 11.581 илјади денари и поради тоа даночната основа е негативна односно пресметаниот данок на добивка е нула. Од извршениот увид во поединечните позиции од ДБ и проверката на веродостојноста и точноста на документацијата по која е извршено оданочувањето на резултатот од работењето по годишната сметка за 2022 година ревизијата утврди дека одделни позиции погрешно се пресметани, поради што износот на непризнаени расходи за даночни цели е помал за 6.067 илјади денари и треба да изнесува 17.648 илјади денари и тоа на следните позиции:

- "Надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ", се помалку пресметани во износ од 881 илјади денари кој се однесува на исплатата на јубилејни награди;
- "Траен отпис на ненаплатени побарувања", помалку е искажан во износ од 5.158 илјади денари и
- не е пресметан износ од 28 илјади денари за позицијата "Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од УЈП".

Утврдените состојби иако немаат ефект на даночната основа и истата и понатаму е негативна, а пресметаниот данок на добивка е нула, не се во согласност со член 53 став 3 од Законот за даночна постапка, согласно кој податоците во даночната пријава треба да бидат точни, вистинити и потполни поради што не обезбедува точни информации за активностите и трансакциите на друштвото.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за точно пресметување на позициите во ДБ.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во периодот од 2018 до 2022 година, спроведени се четири поедноставени постапки за јавна набавка на консултантски услуги за одржување и развој на SCADA[37] систем во износ од 4.862 илјади денари, за кои се исплатени средства во износ од 4.063 илјади денари (1.704 илјади денари во 2022 година). Со извршениот увид во договорите[38], деловните книги и финансиската документација, утврдивме дека со овие постапки не е извршена предметната набавка - консултантски услуги за одржување и развој на SCADA системот, туку се работи за набавка на нов SCADA систем. Во сметководствената евиденција набавката е евидентирана како трошоци за услуги за одржување, односно истата не е евидентирана како средство – софтвер. Утврдивме дека овој софтвер не е ставен во употреба, не е целосен, не е функционален, а претпријатието нема економска корист и сеуште го користи стариот SCADA систем.

Вака извршените набавки се нејасни, непрецизни и не е во согласност со член 78 ставови 1 и 6, со кои се пропишува дека предметот на набавка може да се оформи во повеќе посебни делови, како и со член 82 ставови 1 и 4 од ЗЈН[39] во кои е предвидено дека предметот на набавка треба да биде оформен на јасен и недвосмислен начин, а техничката спецификација да ги дефинира потребните карактеристики на тоа што се набавува.

Со начинот на кои се спроведени овие постапки јавното претпријатие нема обезбедено поголема ефикасност и транспарентност, не располага со договор во кој ќе бидат утврдени правата и обврските при набавка на средства и не е во можност да преземе понатамошни правни дејствија за заштита на своите интереси, како и претставува нееекономично и нерационално трошење на јавните средства.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да формираат комисија која ќе има обврска да ја утврди фактичката состојба во врска со имплементацијата на новиот SCADA систем и да преземе мерки за утврдување на одговорност за спроведувањето на оваа јавна набавка, а за истото да го извести основачот на претпријатието.

[37] SCADA систем-Extension Supervisory Control and Data Acquisition System - Надзорна контрола и систем за стекнување податоци на екстензија

[38] Договори бр.03-600 од 26.07.2018 година, бр.03-821 од 09.10.2019 година, бр.03-761 од 05.11.2020 година и бр.03-881 од 11.11.2021 година за набавка на консултантски услуги за одржување и развој на SCADA системот

[39] Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21)

3.2.2. Согласно член 5 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, од 2004 година пропишана е обврска за јавните комунални претпријатија да склучуваат договори со корисниците за услугите кои ги вршат. Согласно член 48 од Законот, наведените договори за регулирање на меѓусебните права и обврски, давателот и корисниците на услугите биле должни да ги склучат во рок од една година од денот на влегување во сила на законот, односно најдоцна до октомври 2005 година. Со извршениот увид во склучените договори утврдивме дека од вкупно 41.812 корисници, до денот на известување за ревизијата ЈКП Водовод Битола нема склучено договори за уредување на меѓусебните права и обврски со 74% од вкупниот број на корисници, односно со 30.838 корисници.

Непочитувањето на законските одредби и недефинирање на должничко доверителски односи може да предизвика отежната наплата на извршените услуги и да претставува тешкотија за непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.

ЈКП Водоводод Битола и во текот на извршување на ревизијата продолжи со активностите за склучување на договори со корисниците на услугите, но оваа активност сѐ уште не е целосно завршена.

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување во ЈКП Водовод Битола да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите.

3.2.3. Со Правилникот за систематизација на работните места[40] и Правилникот за внатрешна организација[41], ЈКП Водовод Битола нема предвидено единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со одредбите од член 30 став 2 и член 31 став 1 алинеја 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со кои е пропишано дека јавното претпријатие задолжително основа единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку неговиот финансиски план во последните три години изнесувал најмалку 50 милиони денари. Отсуството на внатрешна ревизија не обезбедува независно, разумно и објективно уверување и насоки за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола во насока на остварување на планираните цели.

[40] Правилник за систематизација на работните места бр. 01-681/1 од 10.12.2015 година

[41] Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места бр. 01-630/1 од 13.11.2015 година

Препорака

Надлежните органи на раководење и управување да преземат мерки и активности за измена и дополнување на актите за систематизација и организација на ЈКП Водовод Битола со формирање на единица за внатрешна ревизија и нејзино соодветно пополнување.

3.2.4. Со извршената ревизија утврдивме неусогласености и неправилности при изработка на финансиските извештаи и тоа:

- до денот на вршење на ревизијата не е доставен акт за согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие за 2022 година, од основачот, што не е во согласност со член 11 став 1 точка 7 од ЗЈП;
- деловните книги на крајот на фискалната година односно податоците од финансиската евиденција по предавање на годишната сметка не се заклучени, што создава ризик од менување и дополнување на регистрираниот податок во деловните книги на начин што подоцна ќе го оневозможи утврдувањето на првобитно регистрираната содржина, што не е во согласност со член 472 став 5 од ЗТД;
- согласно член 477 став 14 од ЗТД, органот на управување, покрај годишната сметка односно финансиските извештаи е должен, по завршувањето на секоја деловна година, да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната деловна година. Со извршената ревизија утврдивме дека содржината на извештајот кој се изработува за 2022 година и за претходните години не ги содржи пропишаните елементи во членот 384 став 7 од истиот закон, поради што не обезбедува информации за факторите и околностите кои имале влијание врз работењето на претпријатието, политиките на вложувања, подршка на работењето, управување со ризикот, изворите на средства, примањата на членовите на УО и НО, како и идните развојни и истражувачки активности;
- тримесечните извештаи кои се усвоени од УО и содржат показатели за финансиското работење на ЈКП Водовод Битола, не се навремено изготвени и објавени на web страната на претпријатието. Истовремено, овие извештаи не се доставени до Советот на Општина Битола. Наведените состојби не се во согласност со член 5 став 3 и 4 од ЗЈП.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- заклучување на деловните книги на субјектот на крајот на фискалната година;
- извештај за работата на друштвото во претходната деловна година да е

изготвен согласно законските барања и

- усвоените тримесечните извештаи кои содржат показатели за финасиското работење, во законски предвидениот рок да се изготвуваат, доставуваат до основачот и објавуваат на веб страницата на ЈКП Водовод Битола.

3.2.5. Со член 23-а од Законот за јавните претпријатија, регулирана е обврската на директорот на јавното претпријатие на секои шест месеца да изготвува и доставува извештај за работата на претпријатието до градоначалникот на општината.

Со извршениот увид во доставената документацијата која се однесува на обврската за известување, констатиравме дека во текот на 2022 година, од страна на раководниот орган не е изготвен шест месечен извештај за работата на ЈКП Водовод Битола, поради што не е обезбедено транспарентно објавување на податоците за видот и обемот на вршење на дејноста, како и за финансиско работење на претпријатието. Ненавремено обезбедените информации од страна на директорот влијаат врз донесувањето одлуки за идните активности и насоки за развој и работење на ЈКП Водовод Битола од страна на органот на управување и неговиот основач.

**Препорака**

Директорот на ЈКП Водовод Битола, по истекот на секои шест месеци од годината да изготвува извештај за работата на претпријатието и истиот да го доставува до градоначалникот на општината.

3.2.6. Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, кои имаат реализација во 2022 година, а се спроведени во 2022 година како и во претходниот период, од вкупно 144.059 илјади денари преземени обврски, опфатени се 89.541 илјади денари што претставува 62% од вкупната вредност на преземените обврски по договори за јавна набавка. Од увидот во приложената документација утврдени се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на ЗЈН и тоа:

- не се потпишани Изјави за непостоење на судир на интереси од сите членови и заменици на комисијата и одговорно лице, што не е согласно член 38 став 1 од ЗЈН;
- во постапката за осигурување спроведена во 2021 година, ЕО доставил Уверение од УЈП за платени даноци и придонеси кое е постаро од 6 месеци, но неговата понуда комисијата не ја оценила како неприфатлива и истиот бил вклучен во евалуација на понудите и склучил договор;
- ЈКП Водовод Битола во постапката за набавка на консултантски услуги за одржување и развој на SCADA системот има склучено договор со ЕО кој не

доставил Изјава[42] или единствен документ за докажување на способноста, а во постапката за набавка на услуги за осигурување има склучено договор со ЕО кој има доставено Изјава постара од 6 месеци што не е во согласно со член 88 став 1 од ЗЈН (подетално постапката е образложена во точка 3.2.1. од извештајот);

- известувањата за склучени договори[43] се објавени на ЕСЈН со задоцнување од 12 до 20 дена од законски предвидениот рок, што не е согласно член 70 став 1 и 2 од ЗЈН;
- не е објавено известување за измена на договорот за набавка на електрична енергија и примерок од измената на договорот во рок од десет дена од денот на изменување што не е во согласност со член 63 точка 8 и член 72 од ЗЈН и
- известувањата за реализиран договор[44] се објавуваат на ЕСЈН со задоцнување од 20 до 40 дена од законски предвидениот рок, што не е согласно член 70 став 8 од ЗЈН.

Горенаведените состојби создаваат ризик од несоодветна примена на одредбите од ЗЈН, влијаат на обезбедување на конкуренција, еднаков третман на сите економски оператори учесници во спроведените постапки и врз транспарентноста во постапките.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- членовите и замениците на комисијата и одговорното лице да потпишуваат Изјави за непостоење судир на интереси;
- во фазата на евалуација на понудите да се проверува точноста, комплетноста и веродостојноста на документацијата со која се докажува/ат способноста/ите на понудувачите/подизведувачите и да се врши елиминација на понудите кои не се валидни и се неприфатливи и
- навремено доставување на известување за склучен и реализиран договор до ЕСЈН и известување за измена и примерок од измената на договорот.

3.2.7. Во текот на 2022 година од сметката на ЈКП Водовод Битола исплатени се парични средства како спонзорства и донации во вкупен износ од 2.100 илјади

[42] Изјава дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и измама или перење пари и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе

[43] во постапките за набавка на услуги за осигурување, набавка на електрична енергија

[44] во постапките за набавка на услуги за осигурување, набавка на консултантски услуги за одржување и развој на SCADA систем, набавка на електрична енергија

денари на синдикати, здруженија на граѓани, спортски клубови и физички лица. Со извршениот увид во донесените одлуки од УО и приложените барања со прилог документација го утврдивме следното:

- не се дефинирани критериуми односно не е донесена процедура врз основа на која ќе се одлучува по барањата за донации и спонзорства и доделените износи и
- врз основа на Одлуки од УО доделени се 1.437 илјади денари на трите синдикални организации при ЈКП Водовод Битола, без законски основ и истото не е предвидено ниту со Колективниот договор. За доделените средства не се склучени договори за намената за која истите ќе се користат и не се доставени извештаи од синдикатите за начинот и намената за која се потрошени добиените средства. Ваквиот начин на финансирање каде најголем дел од средствата за работа на Синдикатот ги обезбедува работодавачот, може да ја доведе во прашање неговата независност и самостојност при донесувањето на одлуките и да претставува ограничувачки фактот при застапување на интересите на своите членови. Истовремено во ситуација кога претпријатието работи со загуба расходите по овој основ имаат негативно влијание на ликвидноста.

На ваков начин доделените финансиски средства за спонзорства и донации не осигуруваат дека истите се распределени и искористени на најдобар можен начин, со цел подржување на јавниот интерес и подобрување на личниот и општествениот живот, ниту овозможуваат промовирање на ЈКП Водовод Битола како општествено одговорна компанија.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки за донесување на процедура за уредување на правото, условите, критериумите и вредноста на можните донации и спонзорства, како и обезбедување извештај за наменското користење на средствата.

3.2.8. Утврдивме дека НО[45] во текот на 2022 година одржал само една седница и два пати дал мислење за тримесечните финансиски извештаи, поради што не е постапено согласно член 27 став 6 од ЗЈП, каде е пропишано дека членовите на НО, имаат обврска задолжително да се состануваат најмалку четири пати годишно.

Истакнуваме дека со измените во член 27 на ЗЈП од јули 2022 година[46]

[45] членовите на НО се именувани со Решение за разрешување и именување на членови на НО број 09-145/35 од 01.12.2021 година
[46] Службен весник на Република Северна Македонија број 89/2022

пропишано е дека „претседателот и членовите на НО на јавното претпријатие, за секоја седница на НО на која присуствувале, имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година“. Со оваа законска измена, Советот на Општина Битола требало да донесе Одлука за висината на исплата на надоместокот на членовите на НО, а ЈКП Водовод Битола да воведе евиденција за присутноста на членовите на секоја седница врз основа на која ќе се исплаќа надоместокот односно истиот да не се исплаќа на месечно ниво.

Наведените состојби не овозможуваат да се потврди ефикасноста на НО и дали истиот ги вршел своите пропишани законски обврски и активности кои се однесуваат на надзорот над финансиското работење на јавното претпријатие, додека исплатата на надоместоците не е соодветна со законските измени.

Препорака

Надлежните лица да воспостават евиденција и да вршат исплата на месечниот надоместок на членовите на НО врз основа на присутност на членовите на седница. Истовремено да се иницира соработка со Советот на Општина Битола за определување на висината на надоместокот на членовите на НО.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Ревизијата смета за потребно да истакне дека согласно член 213 од Законот за водите[47], пропишана е обврски за плаќање на надоместок за користење на вода наменета за консумирање од страна на човекот, при што давателот на услугата пресметува надоместок во висина од 2% од утврдената цена на услугата за снабдување со вода за метар кубен вода.

Обврзник за плаќање на надоместок е секое правно и физичко лице кое користи вода од водоснабдителен систем, а обврзници за пресметување и наплата на надоместокот за користење на водата се правните лица кои управуваат со водоснабдителниот систем и се должни наплатениот надоместок еднаш месечно да го уплаќаат на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка во Буџетот на Република Северна Македонија.

ЈКП Водовод Битола на крајот на 2022 година има искажани обврски по основ на надоместок за користење на води спрема Буџетот на Република Северна Македонија, во вкупен износ од 2.296 илјади денари[48] (подетално прикажано во Прилог број 1). Непреземањето мерки за плаќање на утврдените обврски не е во

[47] Законот за водите (Службен весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21)
[48] На денот на известување за ревизијата обврските изнесуваат 3.271 илјади денари

согласност со Законот за водите и има за ефект помалку наплатени приходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

Наведените состојби се констатирани и од страна на овластениот државен ревизор со извршената ревизија на успешност на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право“ и ревизијата на следење на препораките по издадениот Конечен извештај на таа тема, спроведени согласно Годишните програми на Државен завод за ревизија за 2018 и 2020 година, каде е утврдено дека заклучно со 2018 година, вкупните обврски по основ на надоместок за користење на води изнесуваат 7.997 илјади денари.

Врз основа на Записник[49] за инспекциски надзор и Решение[50] донесени од страна на Државен инспекторат за животна средина, ЈКП Водовод Битола со годишниот елаборат за извршен попис за 2018 година извршило намалување на обврската за надоместок за користење на води во вкупен износ од 6.805 илјади денари. Имено, Државниот инспекторат за животна средина со наведеното Решение го задолжило ЈКП Водовод Битола да ги плати надоместоците согласно член 213 од Законот за води од денот на добивање на дозволата за зафаќање на води бр. УП1 11-19 од 11.01.2016 година, а не и надоместоците пресметани за претходен период, поради што јавното претпријатие извршило намалување на пресметаните обврски (преку искажување на приходи) кои се однесуваат на периодот пред добивање на дозволата за зафаќање со води.

Имајќи го во предвид наведеното, укажуваме на потребата надлежните органи за управување и раководење во ЈКП Водовод Битола, да преземат мерки за продолжување со активностите за плаќање на заостанатиот долг кон Буџетот на Република Северна Македонија, како и редовна месечна уплата на надоместоците за користење вода.

4.2. Обрнуваме внимание дека ЈКП Водовод Битола за финансирање на инвестиционите активности за санација и проширување на системот за водовод и канализација користел средства од Кредитна банка за обнова и развој – KfW според Договорот за заем за проектот „Водовод и канализација на општините фаза I”. Договорот е склучен меѓу KfW и Република Македонија, претставувана од Министерство за финансии. Врз основа на Договор за под – заем[51] МФ му доделило на ЈКП Водовод Битола под-заем во износ од 1,76 милиони евра и грант од 452 илјади евра. Министерство за транспорт и врски во улога на Агенција за

[49] Записник за инспекциски надзор бр. ИП1-08-04 од 18.01.2017 година
[50] Решение бр. ИП1-08-04 од 03.02.2017 година
[51] Договор за под –заем склучен меѓу МФ (бр. 10-14021/1), ЈКП Водовод Битола (бр. 05-312) и Општина Битола (бр. 08-838/1) сите од 12.04.2011 година

координација на проектот со допис[52] до МФ известува дека вкупниот износ на искористените средства од заемот исплатен на ЈКП Водовод Битола изнесуваат 96.763 илјади денари (1,57 милиони евра). Неискористените средства во износ од 11.199 илјади денари (185 илјади евра), во текот на 2015 година се откажани. Под - заемот е одобрен по каматна стапка од 2% годишно, со рок на отплата од 28 години, со грејс период од 10 години. За време на грејс периодот се плаќа само камата и провизија од 0,25% годишно за неповлечените средства од под - заемот.

Со ревизијата утврдивме дека почнувајќи од 20.12.2021 година започнато е отплаќање на под - заемот во полугодишни рати, а истиот целосно треба да биде отплатен на 20.12.2039 година. ЈКП Водовод Битола редовно ги сервисира обврските по кредитот при што во период од 20.06.2013 до 20.12.2015 година исплатен е износ од 641 илјади денари за провизија и износ од 4.486 илјади денари за камата на делот од заемот кој не бил повлечен. Согласно амортизациониот план во период од 20.06.2016 до 20.12.2022 година платен е износ од 13.468 илјади денари за камата и 7.846 илјади денари платен главен долг. Со состојба на 31.12.2022 година обврските по главниот долг на јавното претпријатие изнесуваат 88.917 илјади денари и каматата по истиот 11.074 илјади денари, што може да влијае на ликвидноста на претпријатието во иднина.

4.3. Во ЈКП Водовод Битола во периодот од декември 2021 година заклучно до периодот на известување за извршената ревизија, функцијата директор на претпријатието последователно ја извршува лице кое е назначено со Решение[53] за вршител на должност директор на јавното претпријатие. Како што е предвидено во член 24-а од ЗЈП, при разрешување на директорот пред истекот на мандатот, до изборот на нов директор, градоначалникот на општината е должен во рок од пет дена од донесувањето на одлуката за разрешување, да именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци. Ваквиот начин на назначување на раководниот орган не овозможува континуитет во извршувањето на надлежностите, донесувањето на одлуки за работењето, не придонесува за развој на претпријатието и влијае на транспарентноста во постапката при селекција и избор. Исто така утврдивме дека в.д. директорот на јавното претпријатие има склучено Договор[54] за вработување со УО на ЈКП Водовод Битола, што не е во согласност со член 24 став 2 од ЗЈП во кој е предвидено дека директорот на ЈКП за уредување на односите со ЈП, склучува договор со градоначалникот на општината, во кој

[52] Допис број 39-17114/1 од 03.12.2015 година до МФ
[53] Решение за именување вршител на должноста директор бр. 02-990 од 14.12.2021, Решение бр. 04-940/3 од 14.06.2022 и Решение бр. 04-884/2 од 19.12.2022 година
[54] Договор за вработување бр. 04-9/22 од 20.12.2021 година

поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Имајќи го во предвид горенаведеното, сметаме дека е потребно надлежните органи за управување да иницираат соработка со која ќе го информираат градоначалникот на општината Битола за неговите надлежности за преземање активности за именување на директор со објавување на јавен оглас и склучување договор со кој поединечно ќе се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата на директорот.

4.4. За искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водите од водоводниот систем, ЈКП Водовод Битола изградило мала хидроелектрана на локација „Стара филтерница-Довлеџик“, за производство на електрична енергија од ОИЕ, со инсталирана моќност на хидроелектрана од 400 kW. Со хидроелектранаta управува Друштво за производство на електрична енергија Хидроенерго проект Водовод ДООЕЛ Битола (ХЕП Водовод ДООЕЛ Битола). Друштвото е основано на 03.09.2009 година, а започнало со работа во март 2011 година. ХЕП Водовод ДООЕЛ Битола поседува лиценца за вршење на енергетска дејност производство на ЕЕ од ОИЕ во мала хидроелектрана[55] и е повластен производител на ЕЕ од ОИЕ[56], односно има одобрување за користење на повластени тарифи за купопродажба на ЕЕ со Одлука[57].
Продажбата на произведената ЕЕ од хидроелектрана се врши по повластена тарифа и единствено кон Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје согласно Договор за откуп на електрична енергија[58]. По тој основ во текот на 2022 година остварен е приход од продажба на ЕЕ во износ од 10.284 илјади денари.

---

[55] Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија во мала хидроелектрана, издадена бр.ЕЕ-64.01.1/11 од 09.02.2011 година со важност до 09.02.2046 година од РКЕ (Сл. Весник на Република Македонија М.18/2011) и Одлука за изменување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија во мала хидроелектрана УП1 бр.07-53/11 од 26.04.2021 година

[56] Решение за повластен производител на електрична енергија со единствен регистарски број ПП-ХЕ-11-6518079-ОЕМКХЦ 151020100007-/11 од 11.03.2011 година издадено од Агенција за енергетика на Република Македонија

[57] Одлука за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена од мала хидроелектрана УП - 1 бр. 08-14 од 30. 03. 2011 година (Сл. Весник на Република Македонија бр.41/2011)

[58] Договор за откуп на електрична енергија произведена од повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија бр.02-4572 од 04.07.2012 година и Анекс бр.1 на договорот бр.08-5/1 од 31.10.2019 година

Истовремено, согласно Договор за деловно техничка соработка[59], ХЕП Водовод ДООЕЛ Битола за користење на потенцијалната енергија на водата која минува низ централата (1% од вредноста на водата 400Л/сек.), опремата која ја користи за производство на ЕЕ и извршените услуги за негово функционирање, плаќа годишен надоместок на ЈКП Водовод Битола, во износ од 9.698 илјади денари.

ЈКП Водовод Битола се снабдува со ЕЕ од либерализираниот пазар, каде цените на ЕЕ се формираат по пазарен принцип врз основа на понудата и побарувачката. Со ревизијата утврдивме дека, во периодот на енергетска криза, во септември и октомври 2022 година, ЈКП Водовод Битола со Одлука за отстапување[60] предал на користење и одржување две броила за ЕЕ на ХЕП Водовод ДООЕЛ Битола. Оваа промена настанала со цел да се намалат трошоците за ЕЕ. Имено ХЕП Водовод ДООЕЛ Битола, согласно член 3 точка 36 од Законот за енергетика[61] го исполнува условот да биде “мал потрошувач” и со тоа да биде снабдуван со ЕЕ на регулираниот пазар по цени кои се пониски, односно се регулирани од РКЕ за универзалниот снабдувач[62]. Поради тоа, ЈКП Водовод Битола во наведените два месеци ја користело повластената субвенционирана цена на ЕЕ која универзалниот снабдувач ја наплаќа од домаќинствата и малите потрошувачи и искажал помали трошоци за ЕЕ.

По укажувањата на Владата, во ноември 2022 година со Одлука за пренесување на правото на сопственост[63] извршена е враќање на двете броилата за ЕЕ во сопственост на ЈКП Водовод Битола.

## 5. Клучни ревизорски прашања

5.1. ЈКП Водовод Битола ги снабдува со вода за пиење жителите на Општина Битола, Могила и Новаци со вода која ја зафаќа од сливот на Баба планина преку три зафати на површинска вода од Тиролски тип, и тоа: зафат Црвена река, зафат Лак поток и Сапунчица. Во период на маловодие, количините на сурова вода се дополнуваат од ХС – Стрежево преку пумпната станица Довлеџик.

Зафаќањето се врши врз основа на Дозвола[64] издадена од МЖСПП.

---

[59] Договор за деловно техничка соработка бр.08-908 од 18.10.2010 година, Анекс - Договор за деловно техничка соработка бр.08-908/2 од 25.12.2013 година и Одлука за измена и дополнување на Анекс - Договорот бр.02-102/4 11.02.2019 година

[60] Одлука за отстапување (предавање на користење и одржување) на броила за електрична енергија бр.02-423/1 од 15.06.2022 година

[61] Закон за енергетика „Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 236/2022)

[62] ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

[63] Одлука за пренесување на правото на сопственост на броила за електрична енергија бр.02-808/2 од 14.11.2022 година

Производството на вода во 2022 година изнесува 14.581.566 $m^3$ и во однос на 2021 година бележи зголемување за 0.80% (14.465.172 $m^3$).
Приходуваната/фактурирана вода во 2022 година изнесува 5.984.569$m^3$ што претставува намалување од 1% во однос на 2021 година (6.052.710 $m^3$).

На следниот графикон прикажана е количината на произведена и приходувана вода во текот на 2022 година изразена во $m^3$:

Графикон бр. 1–Преглед на произведена и приходувана вода во $m^3$ во 2022 година




При увид во состојбите на утврдување на приходите и наплата на побарувањата од снабдување и испорака на вода, утврдивме дека приходите по овој основ се нецелосни, бидејќи количината на произведената вода значително отстапува од количината на приходуваната вода односно, 59% од вкупната влезна количина на вода во водоснабдителните системи изразена во $m^3$ е неприходувана[65]. Регистрираните загуби на вода во водоснабдителниот систем генерално се делат на технички, комерцијални и загуби предизвикани од комунална потрошувачка.

На следниот графикон прикажано е движењето на произведена, приходувана и неприходувана вода во период од 2018 до 2022 година.

[64] Дозвола за користење на вода УП1 бр.11-19 од 11.01.2016 година и Дозвола за користење на вода УП 1-11/5-18/2022 од 13.04.2022 година
[65] Врз основа на најновата дефиниција препорачана од IWA (International Water Association), за загуба на вода се смета онаа количина на вода која не е фактурирана (анг. Non-Revenue Water, NRW). Затоа, во поново време во литературата наместо „загуби на вода“ се користи терминот „неприходувана вода“.

Графикон бр. 2 – Движење на произведена, приходувана и неприходувана вода во периодот од 2018 до 2022 година[66]




Од графичкиот приказ може да се забележи дека во анализираниот период незначително се менува количината на произведена вода и истата зависи од бројот на корисници и територијата на која се врши водоснабдувањето. Постои значителна разлика меѓу произведената и приходуваната вода, а загубите на вода се големи.

Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода влијае на помалку остварени приходи на јавното претпријатие, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.
Во периодот од 2018 до 2022 година процентот на неприходувана вода бележи циклично намалување и зголемување, но сепак се движи околу 59%. Јавното претпријатие освен следењето на загубите на вода, нема усвоено плански документи и јасно утврдени мерки кои ќе придонесат за намалување на загубите на вода.

[66]Информацијата е добиена од Одделение за комерција при Сектор за финансии, сметководство и комерција

Истакнуваме дека надлежните лица на ЈКП Водовод Битола треба да преземат мерки и активности за анализа на состојбата, донесување и реализација на планови за минимизирање и отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем и реализирање на мерки за активна контрола на загубите на вода.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 13.03.2022 до 09.06.2022 година кај ЈКП Водовод Битола од тим на Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈКП Водовод Битола за годините кои и претходат на годината предмет на ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на делокругот на ревизијата.

## 8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на директорот на ЈКП Водовод Битола, застапувано од Пеце Милевски, в. д. директор од 14.12.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Органот на раководење е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи

се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на јавното претпријатие, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат

од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли.
Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.
Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.
Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 10. Недостатоци на внатрешната контрола

10.1. Системот на финансиско управување и контрола во ЈКП Водовод Битола треба да е воспоставен согласно барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор[67]. Имено, раководителот треба да ги утврди осетливите задачи и со јасни и прецизни процедури да воспостави дополнителни мерки за нивно спроведување, заради ефикасно остварување на целите на јавното претпријатие. Контролните активности се дел од процедурите кои се спроведуваат за намалување на ризиците во работењето, како и контрола на клучните економски операции.

[67] Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 147/2010)

Со извршената ревизија утврдивме слабости, пропусти и не воспоставени внатрешни контроли во целокупното работење на јавното претпријатие. Не се донесени процедури за работењето за клучните економски операции и трансакции, недостасува јасно разграничување на должностите и работните активности, поради што ризиците во друштвото не се покриени со контроли, ниту истите се следат. Не е воспоставена соодветна ex-post контрола кај процесите поврзани со остварените расходи и приходи, поради што не се создадени услови за намалување на ризикот од грешки, измами, непочитување на регулативата, како и ризикот од неоткривање на овие неправилности. Исто така констатиравме дека ЈКП Водовод Битола својата дејност ја извршува и организира преку пет сектори, од кои само два имаат пополнети работни места - раководител на сектор. Имајќи во предвид дека една од работните задачи на наведеното работно место е да обезбедува ефикасно работење на секторот и да ја координира работата и раководи со одделенијата, неговото непополнување доведува до отежнато функционирање во рамките на секторот, некоординација помеѓу одделенијата, како и со другите сектори, што дополнително ја отежнува работата на претпријатието.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да преземат активности во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и тоа:

- воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли врз основа на управување со ризиците;
- утврдување пишани процедури за важните активности, особено за економските операции, и истите да ги достави до сите инволвирани вработени и да обезбеди нивна имплементација;
- обезбедување услови секоја операција да биде потврдена и верификувани од две меѓусебно независни лица;
- осигурување дека документацијата е ажурирана, корисна, прецизна, лесна за проверка и достапна за раководителот, вработените како и за трети лица доколку е потребно,
- воспоставување соодветни мерки за надзор на операциите за извршување на трансакциите на ефективен начин и
- соодветно пополнување на работните места раководител на сектор.

10.2. Со извршениот увид во информацискиот систем на ЈКП Водовод Битола ги утврдивме следните состојби:

- не е донесена политика за информациска безбедност за начинот на креирање, употреба и сигурност на лозинките, следење и евиденција на пристап на корисниците во системот, информирање на ИТ администраторите за настанатите промени во човечките ресурси при вработување или заминување,

за да се овозможи или да се забрани пристап на вработените, што укажува на ниско ниво на заштита на информацискиот систем во јавното претпријатие;

- за најавување на вработените на оперативниот систем, за секој вработен креирани се посебни кориснички профили со различни имиња, но со иста лозинка. Лозинката која ја користат сите вработени од нејзиното доделување до периодот на извршување на ревизијата, не е променета и истата е со многу ниска комплексност што влијае на безбедноста на податоците во системот;
- вработените при најава на апликациите за финансиско-сметководственото работење и на „билинг“ системот, користат посебен кориснички профил, посебно корисничко име и различна лозинка за секој вработен, но не се утврдени и дефинирани правила на комплексност на лозинките, односно истата може да биде креирана и само со еден карактер. Исто така не е пропишан временскиот рок по кој задолжително треба да се изврши нивна промена. Истакнуваме дека апликацијата има вградена функција „промени лозинка";
- поголем дел од вработените користат компјутери со оперативен систем од постара генерација за кои нема поддршка од производителот на оперативниот систем и истите не се ажурирани со најнови дополнувања од областа на ИТ безбедноста. На овие работни станици е овозможен и пристап на интернет со што се зголемува безбедносниот ризик од неовластен пристап.

  Ваквата состојба не овозможува: користење на напредни платформи за развој на информацискиот систем, скратување на временската рамка за обработка и генерирање на потребните информации и податоци;
- во апликативниот софтвер кој се користи за финансиско сметководствена евиденција не е имплементирана функционалност за заклучување на податоците по завршување на фискалната година, што не е во согласност со член 472 од ЗТД со кој е утврден начинот на водење, евидентирање и чување на податоците во финансиските извештаи и создава ризик од промена на истите во електронска форма, искажување на нецелосни податоци, нивно губење и оневозможување на утврдувањето на првобитно регистрираната содржина;
- во „билинг“ системот не е имплементирана апликативна функционалност со која ќе се пресметува казнена камата за правните лица, додека за физичките лица оставена е можност да не се пресметува казнена камата при издавање на сметката за тековниот месец (подетално образложено во точка 3.1.1. од извештајот).

Наведените состојби не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност[68] и најдобрите пракси за ИТ безбедност (ИСО 27002) и влијае врз

[68] ISO/IEC 27001:2022 (en), Information security, cybersecurity and privacy protection — Information security management systems — Requirements

политиките, контролите и управувањето со информациската безбедност, упатува на присуство на ризици кои може да имаат влијание на веродостојноста на финансиското известување како и врз безбедноста и неовластениот пристап на податоците.

Препораки

Надлежните органи за управување и раководење, да преземат мерки и активности за:

- донесување и усвојување на политики за информациска безбедност со кои ќе се утврди: следењето и евиденцијата на пристап на корисниците во системот, информирање на ИТ администраторите за сите промени во човечките ресурси, начинот на креирање, употреба и сигурност на лозинките;
- продолжување на активностите за осовременување на оперативните системи;
- во апликативниот софтвер кој се користи за финансиско сметководствена евиденција да се имплементирана функционалност за заклучување на податоците по завршување на фискалната година и
- во „билинг“ системот да се имплементира апликативна функционалност со која ќе се пресметува казнена камата за правните лица.

## 11. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на ЈКП Водовод Битола прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија кои се однесуваат на погрешно воспоставената евиденција во бруто билансот за претплатениот износ на ДДВ, за што во текот на ревизијата е спроведена корекција со налог бр. РР0001 од 21.03.2023 година, со што извршено е задолжување на сметките Побарувања за данок на додадена вредност и Обврски за данок на додадена вредност за 5.194 илјади денари. Оваа корекција нема влијание на финсниските извештаи на субјектот.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ЈКП Водовод Битола, одржан на ден 07.06.2022 година, за кои дадоа свои коментари, објаснување и начелно ги прифатија истите.

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 232.117 | 234.483 |
| Останати приходи | 3.2. | 15.099 | 15.054 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени добра (производи, стоки) и услуги | 3.3. | 6.582 | 6.160 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **253.798** | **255.697** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.4. | 75.358 | 67.527 |
| Трошоци за услуги | 3.5. | 13.540 | 15.216 |
| Останати трошоци од работењето | 3.6. | 15.951 | 12.878 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.7. | 125.032 | 122.727 |
| Трошоци за амортизација | 3.8. | 30.826 | 29.929 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.9. | 7.641 | 15.353 |
| Останати расходи | 3.10. | 5.363 | 7.225 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **273.711** | **270.855** |
| **Финансиски приходи** | 3.11. | **521** | **619** |
| **Финансиски расходи** | 3.12. | **2.141** | **2.552** |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | (21.533) | (17.091) |
| **Данок од добивка** | | | (347) |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | (21.533) | (17.438) |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 5.985 | 25.072 |
| Побарувања од поврзани друштва | 4.2. | 367 | 593 |
| Побарувања од купувачи | 4.3. | 81.016 | 87.409 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 5.591 | 5.800 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 70 | 47 |
| Останати побарувања | 4.6. | 5.261 | 3.575 |
| АВР | 4.7. | 175 | 9.292 |
| Залихи | 4.8. | 85.074 | 81.810 |
| **Вкупно тековни средства** | | 183.539 | 213.598 |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.9. | 72 | 243 |
| Материјални средства | 4.10. | 426.071 | 418.819 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.11. | 307 | 469 |
| **Вкупно нетековни средства** | | 426.450 | 419.531 |
| **Вкупна актива** | | 609.989 | 633.129 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.12. | 38.415 | 23.646 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.13. | 32 | 25 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.14. | 4.783 | 2.957 |
| Обврски спрема вработените | 4.15. | 5.106 | 6.320 |
| ПВР | 4.16. | 21.669 | 23.128 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | 70.005 | 56.076 |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.17. | 97.676 | 113.212 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | 97.676 | 113.212 |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.18. | 511.648 | 511.648 |
| Пренесена загуба | 4.19. | (47.807) | (30.369) |
| Загуба од тековната година | 4.20. | (21.533) | (17.438) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | 442.308 | 463.841 |
| **Вкупна пасива** | | 609.989 | 633.129 |

| ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2022 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Пренесена загуба | Загуба од тековната година | ВКУПНО |
| Состојба 01.01.2022 година | 511.648 | (30.369) | (17.438) | 463.841 |
| Загуба за деловна година | - | (17.438) | (4.095) | (21.533) |
| Состојба 31.12.2022 година | 511.648 | (47.807) | (21.533) | 442.308 |

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА

| | 000 денари |
|---|---|
| | **Износи** |
| Нето добивка/ загуба | (21.533) |
| Амортизација | 30.826 |
| **Вкупно** | **9.293** |
| Промени во побарувања од купувачи | 6.619 |
| Промени во останати краткорочни побарувања | (9) |
| Промени во побарувања од државата и други институции | 209 |
| Промени во залихи | (3.264) |
| Промени во АВР | 9.117 |
| Промени во обврски спрема добавувачи | 14.776 |
| Промени во останати краткорочни обврски | 612 |
| Промени во ПВР | (1.459) |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **35.894** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (37.745) |
| Промени во краткорочни финансиски вложувања | (1.700) |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | **(39.445)** |
| Промени во долгорочни кредити | (15.536) |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **(15.536)** |
| **Промени на паричните средства** | **(19.087)** |
| **Парични средства на почеток на година** | **25.072** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **5.985** |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
водовод
БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие „ВОДОВОД" п.о.
Бр. 03-2304
14.08. 2023 год.
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar më: 18.08.2023
Број: / Nr.: 19-199/12

Датум: 14/08/23

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Предмет;

Известување на ЈКП Водовод Битола во врска со нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година, направен од страна на Државниот Завод за Ревизија во периодот од 13.03. 2023 година до 09.06. 2023 година

Во врска со добиениот нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2022 година, ЈКП Водовод Битола ќе постапи навремено и во целост по сите препораки, мислења и наоди кои ги достави Државниот Завод за Ревизија, а всушност се забелешки кои се провлекуваат подолг временски период.

Во периодот од 13.03. 2023 година до 09.06. 2023 година кога е извршена ревизијата, ЈКП Водовод Битола изврши корегирање на одредените состојби кои се констатирани од претставниците на Државниот Завод за Ревизија и по истите е постапено во истиот временски период кога се вршеше самата ревизија со превземање на одредени мерки и активности. Во самиот нацрт извештај се објаснети и корекциите кои ги изврши ЈКП Водовод Битола по препораките и констатациите од страна на Државниот Завод за Ревизија.

Во врска со добиениот нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2022 година, направени се неколку колегиуми со раководниот тим на ЈКП Водовод Битола, каде се разгледани поединечно сите констатирани состојби и препораки кои се дадени од страна на Државниот Завод за Ревизија за навремено донесување на одредени мерки и активности.

Предадени се по сектори забелешките од констатираната состојба на Државниот Завод за Ревизија, предадени се и сите препораки по кои треба да се превземат одредени мерки и активности кои се доставени во нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2022 година на ЈКП Водовод Битола.

Уште еднаш ќе констатираме дека во врска со добиениот нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година, ЈКП Водовод Битола ќе постапи навремено по сите препораки, мислења и наоди кои ги достави Државниот Завод за Ревизија.

Битола; 14.08. 2023 година

ЈКП „Водовод" Битола

Јавно комунално претпријатие „ВОДОВОД" 1 БИТОЛА

ЈКП Водовод Битола
Св.Климент Охридски бб Битола
047 227 448, 047 227 449
меил; direktor@vodovodbt.mk smetkovodstvo@vodovodbt.mk
pravna@vodovodbt.mk planianaliza@vodovodbt.mk